# FOREVER

MACEDONIA

Јануари 2016 | Број 171

**SUCCESS DAY**

**24.01.2016**
**Holiday Inn, Скопје**
**Почеток-12.30 часот**
**Ве очекуваме!**



# Превземете ги потребните чекори за да се заштитите во зимската сезона



Вашиот сосед кашла, луѓето во градскиот транспорт кашлаат, дури и детето ви се враќа од училиште со кашлица. Сигурно сакате да направите сѐ што е можно, за да се заштитите себе и вашето семејство и безгрижно да ги поминете зимските денови.

Најлесен начин да се заразите со грип е кога си го допирате носот со рака, кога ќе допрете заразен предмет, вклучувајќи и нешто врз кое некој болен претходно кивнал. Специјалистите од „Мајо“ кажуваат дека микроорганизмите кои ги предизвикуваат настинките имаат потенцијал да живеат по 48 часа, па дури и повеќе. Затоа не заборавајте дека подобро ќе биде да избегнувате да го допирате носот откако рацете ви биле во контакт со случајни предмети. Исто така, мијте ги често рацете со антибактериски сапун за да ги дезинфицирате, и одржувајте го имунитетот во оптимална состојба. Ви нудиме четири производи на Форевер Ливинг кои можат да ви помогнат да го зачувате здравјето во текот на сезоната на грип.

## Aloe Hand & Face Soap

Ставете по едно пакување од овој одличен течен сапун покрај секој мијалник во домот.

Така свилената и нежна бисерна емулзија, која истовремено ја мие и хидратира кожата, ќе ви биде секогаш при рака. Дополнителната хидратација од алое вера е голем плус за оваа сезона, бидејќи греењето прекумерно ја суши кожата.

## Forever Bee Propolis

Што може да биде посоодветно од најдобриот и најмоќниот природен антибиотик! Пчелите го користат за да ги задржат стерилни своите кошници а ние луѓето го користиме за да ги одржува нашите тела отпорни на бактерии и инфекции. На прв поглед бенефициите од овој производ се:

- Природен и моќен антибиотик.
- Помага за олеснување на симптомите на настинка, кашлица, грип, инфекции, како и кај стрептококни инфекции.
- Одличен е како за деца, така и за возрасни, мажи и жени, стари и млади. Никогаш нема да згрешите доколку го користите овој производ!

## Forever Immublend

Колку и да водите грижа за хигиената, сепак не е можно во целост да се заштитите од штетните микроорганизми. Затоа е добро на вашиот организам да му пружите дополнителна заштита. Forever Immublend помага за оптимално функционирање на имунитетот. Од неговите состојки, цинкот се бори со слободните радикали, фруктоолигосахаридите и лактоферинот се корисни за одржување на здрава цревна флора. Ги содржи и витамините Ц и Д и печурките маитаке и шитаке кои се добри за поткрепа на имунитетот.

## Forever Aloe Vera Gel

Нека вашиот ден започне со стабилизираниот гел од алое вера. Овој течен додаток во исхраната содржи многу корисни материи и затоа е мошне тешко да се набројат сите документирани својства и многубројните ефекти. Но едно е сигурно, Forever Aloe Vera Gel има силно и позитивно дејство врз здравјето и начинот на живеење на многу луѓе низ целиот свет.












# Не го прекршувајте новогодишното ветување

**Ако имаше начин да се пребројат неисполнетите новогодишни одлуки и ветувања, што мислите, колку ќе ги има?**

Помислете на сите неискористени карти за фитнес, прекинати диети, заборавени буџети и напуштени нови хобија. Зошто е така? Зошто многумина брзаат да се вратат во првобитната положба?

Едвај да има некој, кој не донел новогодишна одлука, и потоа ја напуштил. А фактот што секој јануари добиваме чисто бел лист и сами можеме да одлучиме што сакаме да промениме во својот живот и како да сме подобри од минатата година, е вистински дар. Успешните луѓе прават нешто што другите го пропуштаат. Тие веруваат. Сигурно сте го слушнале прочуениот цитат на Хенри Форд „Независно дали си мислиш дека можеш, или дека не можеш, сепак си во право.“ Токму тоа е и една од работите што го прават Форевер така магичен за оние кои се подготвени да работат напорно.

Форевер им дава можност на обичните луѓе да живеат извонреден живот, ако веруваат дека можат и ако одлучат да ги прават работите поинаку. Само помислете каква моќ се крие во тоа да можеш сам да ја напишеш сопствената историја и да одлучиш каков ќе биде крајот!

Кога ќе правите планови за годината и ќе си ги дадете новогодишните ветувања пред самите себе, поставете си прашање што сте навистина спремни поинаку да направите, за да ги постигнете целите. Тогаш започнете да го правите и да се придржувате на тоа! Единствено од вас зависи дали Новата година ќе заврши различно од претходните. Вперете го погледот во Chairman’s Bonus, бидете со нас догодина на Глобалното рели на некое неверојатно место во светот или помогнете на повеќе луѓе, споделувајќи ги со нив вашите омилени производи – сè е во вашите раце!

Имате сè што ви е потребно за да бидете успешни. Со нетрпение ги очекувам вашите постигнувања во Новата година!

Засекогаш Ваш,

**Rex Maughan**



# Да ја започнеме годината со Форевер Ф.И.Т



**Форевер Ф.И.Т, современиот пристап за контрола на тежината, е создаден за да ви помогне да го поставите секојдневниот режим на исхрана и движење во здрава насока и да даде почеток на еден нов начин на живот.**

Програмата се состои од три чекори – **Клин 9**, **Ф.И.Т. 1** и **Ф.И.Т. 2**. Секоја фаза ви ги обезбедува потребните алатки за постигнување на добри и трајни резултати. Секој пакет од трите фази на програмата ги содржи потребните производи и прирачник за нејзиното спроведување, како и одлични предлози за вкусен шејк или вкусни рецепти без непотребни калории.

А фитнесот можете да го пренесете дома, бидејќи специјалистите на Форевер разработија комплекс од пропратни вежби за Ф.И.Т. 1 и Ф.И.Т. 2. Тие се достапни на YouTube каналот на Форевер Македонија и можете секогаш и насекаде да ги правите, без посебна опрема или потреба од личен тренер.

Форевер Ф.И.Т. жнее голем успех и кај нас и во светот. Илјадници сопственици на Форевер бизнис го користеа режимот за да го подобрат начинот на живот, менувајќи ги навиките на исхрана и физичката активност. Стотици споделија одлични резултати преку слики користејќи ги социјалните мрежи, а на крајот на 2014 г. онлајн изданието на „Дејли Телеграф" публикуваше интересна ретроспектива за тоа што пребарувале англиските интернет корисници на Гугл, која ја рангираше Клин 9, првата фаза од Форевер Ф.И.Т., меѓу најбараните во категоријата „Диета".

Пролетта минатата година Форевер Бугарија исто спроведе една од најуспешните кампањи – пролетното разубавување со Форевер. Нашиот Ф.И.Т. предизвик беше исклучително динамичен и успешен, со големо расположение и изобилство од споделени искуства на социјалните мрежи. Над 80 учесници се разделија со повеќе од 300 кг и над 10 метри во обиколки!

На почетокот на 2016 г. сè повеќе луѓе си прават ретроспектива на изминатите 12 месеци, го преиспитуваат начинот на живот и прават планови за нов почеток. Голем дел во списокот на новогодишни желби и цели вклучиле да се преобразат и да започнат здраво да живеат. А тоа значи дека сега е најдоброто време за вас да го претставите и промовирате вашиот бизнис со Форевер со помош на програмите Форевер Ф.И.Т. – добриот начин за исхрана, прочистување и слабеење. Користете ги сите достапни ресурси, споделувајте резултати, покажувајте ги лесните чекори на програмата на специјалната веб страница на Форевер Ф.И.Т. – **www.flp.bg/fit.** Споделете ги одличните резултати на Ина Мари и Растин во филмовите од серијата „Јас сум Форевер Ф.И.Т.", кои ги има на YouTube каналот на Форевер Бугарија. Предлагајте им на своите блиски и пријатели во новата година да постават нов почеток, да тргнат по нов пат, да започнат со Форевер.

А ние ќе ве поддржиме со нови, многу интересни и забавни кампањи, кои ќе ви помогнат да ги споделите огромните предности на Форевер Ф.И.Т. Започнуваме уште на почетокот на јануари со глобален натпревар помеѓу сите држави во кои Форевер е присутен. Ќе се натпреваруваме да бидеме нај-Ф.И.Т. држава, што ќе ни одреди посебно место на програмата на Глобалното рели во април во Јоханесбург. Правилата се лесни и едноставни – сликајте сè со производ од програмата, покажете слики пред и потоа, направете кратко филмче и споделете го својот резултат, публикувајте во социјалните мрежи и додадете хаштаг **#GetFIT-Bulgaria.** Секоја публикација носи одреден број бодови за Бугарија. Да ја покажеме моќта на Форевер Бугарија/Македонија и да обезбедиме достојно челно место на глобалниот натпревар!











# Посакајте ја ПРОМЕНАТА во оваа година

Почитувани сопственици
на Форевер бизнис,

За нас е огромно задоволство што имаме можност да ви ја честитаме Новата година по петнаесетти пат! Во оваа јубилејна година за канцеларијата на Форевер Бугарија, на сите ви посакуваме најнапред добро здравје и лична и семејна среќа! Бидете сигурни во себе и во тоа што го правите, верувајте во успехот и во исполнувањето на мечтите, бидејќи со Форевер тие се можни!

Испративме уште една успешна година, која беше и најдобрата во историјата, како на компанијата, така и на нашата канцеларија. Вашиот бизнис и вашите доходи одново имаа пораст што уште еднаш докажа дека бизнис можностите со Форевер се неограничени и најважното – не зависат од социјалната, политичката или економската ситуација.

Знаеме дека стремежот кон благосостојба и финансиска независност е прашање на личен избор. За сите кои имаат желба и се подготвени да го направат потребното, за да се богати и среќни, Форевер предлага начин да го спознаат светот и неговите убавини и да ги реализираат целите и мечтите. Нашите неверојатни пијалоци од алое вера, останатите одлични производи на компанијата, како и уникатниот бизнис план му даваат можност на секој од вас да постигне благосостојба, независно како си ја претставувате истата. Форевер Ливинг е едно големо семејство од луѓе како вас, кои ја користат можноста и секојдневно ги претвораат мечтите во реалност.

И колку и да сме под влијание на магијата на Новогодишните и Божиќните празници, на сите ни е јасно дека тука не станува збор за чуда. Чудата се случуваат сами од себе само во приказните и филмовите. Во реалниот живот тие се резултат на мислите, дејствата и доживувањата на луѓе како нас и вас. Посакајте ја промената, направете сè што е потребно за таа да се случи и со сигурност во еден момент во годината што следи, вашиот живот ќе изгледа поразличен и подобар.

А што ни дава таква увереност? Самите вие – неверојатните пријатели и сопственици на Форевер бизнис! Сите одлично се справувате и ние се гордееме со вас! Восхитени сме од вашата посветеност на успехот и вашето трпение да го постигнете.

А ние од своја страна ќе продолжиме да правиме сè што можеме, за да ве поткрепиме по тешкиот, но исклучително пријатен пат кон остварувањето на вашите цели со Форевер!

За нас ќе биде задоволство да сме заедно во Јоханесбург, Јужна Африка, на Глобалното Рели на Форевер, како и во Коста Наварино во Грција на средбата на сопствениците на Форевер бизнис, кои ќе го постигнат звањето Менаџер ОРЕЛ, зошто сме сигурни дека и оваа година сите здружено ќе направиме уште порешителни чекори кон утврдувањето на Форевер Ливинг Продактс во Бугарија и Македонија на местото кое го заслужува, како најдобрата МЛМ фирма во регионот.

Со љубов,
Стефан и Тања Стаеви
и целата екипа на ФЛП
во Бугарија и Македонија

# 3 начини како да ја одржите вашата група



Веќе сте слушнале дека единствен начин да не успеете во МЛМ е ако предвреме се откажете. За тие кои знаат дека ова е вистина, загубата на членови е една од најголемите фрустрации во оваа индустрија. Имено, како е можно толку многу луѓе да се откажат пред самиот процес да почне да функционира?

Како е можно да ги потрошите сите адреси на локално ниво во рамките на својот тим? Колку луѓе имате на кои можете да се присетите и дали сте задоволни од тоа? Дали некогаш сте имале чувство дека колку почесто вклучувате нови луѓе во бизнисот, толку други се откажуваат? За многумина ова е животно прашање кое може да делува врз порастот или стагнација на бизнисот.

Според ветеранот и реномираниот мотиватор Роберт Крисп, **„Никој досега не станал голем мрежен маркетинг дистрибутер, без да поседува големи лидерски вештини.“** Еве неколку од најдобрите познати начини како да го подобрите вашиот однос за да ја задржите вашата група:

## Запознајте ги вашите луѓе

Како лидер, една од најважните функции е да им помагате на луѓето од вашата група да се чувствуваат поврзано. Тоа значи добро да ги познавате-да бидете вистински заинтересирани, да им поставувате прашања и вистински да ги слушате. Може да ви биде од корист доколу на мрежниот маркетинг гледате како на „игра со броеви“ кога ги вклучувате луѓето во вашиот тим, додека кога станува збор за нивно задржување тогаш заборавете на таа игра-целосно! Лидерот треба да знае што очекува од овој бизнис секое лице кое го зачленува. Тоа е единствениот начин како ефективно можете да им помогнете на луѓето да го постигнат резултатот што го посакуваат. Повеќето луѓе кои уште на почетокот ќе го согледаат успехот што го посакуваат, се тие кои нема да се откажат.

Без разлика дали тоа ќе биде одредена титула или добивање на нивниот прв значаен чек (добра идеја е да ја дознаете суштината на зборот „значаен“), постигнувањето на тој прв чекор е еден од најсигурните начини за луѓето да се чувствуваат поврзани и посветени.

Ако вие разберете што посакуваат луѓето од вашата група, тогаш ќе биде поголема веројатноста да се спречи истите да се откажат при првиот пораз или да бидат привлечени од нова можност. Колку повеќе ќе стекнете доживотни пријатели од вашата група, толку подолг ќе биде животот на вашиот бизнис.

Наскоро, вашиот тим ќе порасне и вие едноставно не можете да ги познавате сите лично- но, сепак е од витално значење да одржувате постојана комуникација. Дали тоа ќе биде преку говорна пошта, списанија и други интернет информации, имеил или конференциски разговор, секој вид на комуникација им помага на луѓето да чувствуваат дека се дел од поголема организација, голема група и голема визија. Како лидер, вие ја спроведувате таа поврзаност. Алатките ви се тука-користете ги.

## Лидер како пример

Ова е бизнис на мултипликација кој има повеќе начини за реализирање. Луѓето не само што го мултиплицираат системот и стратегиите, тие исто така учат да го мултиплицираат и тоа што вие го правите. Дали ова е добра или лоша работа? Хммм... застанете и размислете. Нека ви биде како правило-сè што посакувате да прави вашата мрежа, мора вие истото да го правите.

Кога ќе спонзорирате некој нов во вашата мрежа, вие имате улога на пример за тоа како треба да се спроведе бизнисот. Затоа, запомнете што сакате да бидете, и посвететете време тоа да го направите, бидејќи тоа е од важно значење за развојот и порастот на бизнисот. Успехот не доаѓа само од чекање некој друг да ви го води патот.

Во Мрежниот маркетинг не можеш да се извлечеш само со празни зборови, туку треба и да покажеш со личен пример. А убавината во тоа да се биде лидер за пример, е тоа што новите лидери ќе почнат да се појавуваат од сите страни. Доколку вие сте ефективен лидер, мултиплицирањето е неизбежно, а исто така и успехот кој ќе ги држи луѓето ангажирани.

## Создадете и задржете го вистинското однесување

Едно од прекрасните и застрашувачки нешта во врска со однесувањето е тоа дека може да се прошири како разбеснет оган. Тим кој има солидна перспектива - се развива, со намера да дејствува и има солидна насока кон успехот. Од друга страна, организиран тим од луѓе кои се жалат и приговараат за компанијата и мислат дека месецот со помалку промет ги води сите во неволја, е само уште еден момент на пречка која ќе ги доведе до распаѓање.

Проблеми имало и ќе има.Колку големи ќе бидат тие, зависи од вас и од тоа колкаво значење ќе им дадете. Лидерите секогаш се фокусираат на нивното разрешување.

Како лидер, вие го креирате однесувањето кое со голема веројатност ќе се рефлектира во вашата група. Ова е голема одговорност, и уште поголема можност да ја држите вашата структура да се движи во вистинската насока.

За долготрајна и здрава мрежа, вашиот начин на размислување и вашето однесување се факторот со најголемо влијание, особено кога се соочувате со предизвици.

Алатки, техники, обуки и информациі-луѓето тоа можат да го добијат и на друго место, а однесувањето на еден лидер е нешто што го добиваат од вас.

ЗНАЧИ ТОА Е ТОА: Имате три елементи со кои можете да ја зачувате вашата структура. Ако луѓето од вашиот тим се откажуваат, направете анализа за тоа колку добро ги познавате, каков пример сте вие за нив и какво е вашето однесување кон нив. Клучот со кој го држите вашиот тим ве прави лидер и ќе може да им помогнете на луѓето да се чувствуваат поврзани со вас, со производите, со компанијата, со Мрежниот маркетинг, со нивниот неизбежен успех и рализирањето на нивните соништа.

# Претставување на Форевер, Гостивар, 2.12.2015
















# Претставување на Форевер, Скопје, 13.12.2015













# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ДЕКЕМВРИ 2015 ГОДИНА

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Гегоски Златко – Гостивар
2. Илиева Зорица – Струмица
3. Илиоска Јована – Прилеп
4. Јакимовска Јованова Блашка – Скопје
5. Кадрија Ресмије – Куманово
6. Лазарова Весна – Неготино
7. Ментинова Елена – Струмица
8. Најдоска Мартина – Прилеп
9. Николиќ Гордана – Куманово
10. Николов Мики – Кочани
11. Ристова Татјана – Гевгелија
12. Ристовска Билјана – Штип
13. Синдраковска Павлинка – Струмица

## ТОП **10** - 2015

1. Др.Роза Гелевска
2. Михајловски Слафко
3. Донакова Славица
4. Крстеска Блага
5. Трајчевска Катерина
6. Др.Снежана Контра
7. Вера Златковска
8. Дончо Ѓорѓиев
9. Младен Димовски
10. Стевица Димовска

## ТОП **10**

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Слафко Михајловски
3. Катерина Трајчевска
4. Блага Крстеска
5. Славица Донакова
6. Др.Снежана Контра
7. Вера Златковска
8. Дончо Ѓорѓиев
9. Младен Димовски
10. Стевица Димовска

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Вера Златковска
3. Славица Донакова
4. Катерина Трајчевска
5. Слафко Михајловски
6. Дончо Ѓорѓиев
7. Младен Димовски
8. Стевица Димовска
9. Жарко Георгиевски
10. Валентина Крмова




**Први чекори до Менаџер**
цена 100 денари

**Претставување на бизнис можноста**
цена 80 денари







*Новус клиентите и Асистент Супервизорите кои ќе направат 1 бод на личен код во месец Јануари, ќе добијат 1 алое вера гел.*

*Супервизорите, Ас. Менаџерите и Менаџерите кои ќе направат 2 б. на личен код во месец Јануари ќе добијат 1 алое вера гел.*

*Следува само по 1 производ на 1 СФБ, независно од бројот на бодови на личен код.*

# SUCCESS DAY

**24.01.2016**
**Holiday Inn,** Скопје
Почеток-12.30

**Форевер забава – 24.01.2016**
**Ресторан Имес**, 16 часот
Мени – 650 ден.

**Следете нè на facebook Flp Macedonia за да бидете во тек со актуелните промоции и настани.**


**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.